Интегритет и антикорупција во бизнис-секторот

Проектот е финансиран
од Европската Унија

# Право или политика: Изборот на членови на управните и на надзорните одбори во државните претпријатија

Проектот го спроведуваат: Center for Civil Communications Центар за граѓански комуникации КОНЕКТ ЗДСРМ

Издавач: Центар за граѓански комуникации

Лектура: Татјана Б. Ефтимоска

Тираж: 200

Бесплатен/некомерцијален тираж

## ЦИП

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот за граѓански комуникации и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.*

# СОДРЖИНА

Клучни наоди ........................................................................................ 4

Препораки ............................................................................................ 5

Цел и методологија на истражувањето.......................................................... 6

Детален извештај.................................................................................... 7

Препораки.............................................................................................. 21

Прилог 1................................................................................................ 23

Прилог 2................................................................................................ 25

## Клучни наоди

» Постапката за селекција на членовите на управните и на надзорните одбори на претпријатијата во државна сопственост не е регулирана ниту со закон, ниту со подзаконски акт, ниту со интерни процедури на основачите.

» Владата и единиците на локалната самоуправа немаат официјален документ што го регулира процесот на селекција на членовите на раководните органи на претпријатијата што ги основаат. Тие, како основачи, не објавуваат огласи за избор на членови во раководните органи на државните претпријатија, не вршат проверка на квалификуваноста на потенцијалните кандидати, ниту, пак, ги интервјуираат потенцијалните членови.

» Од обемното истражување во кое беа вклучени и основачите и претпријатијата, не можеше да се утврди кој, врз основа на кои критериуми и во каква постапка им предлага на Владата и на општинските совети да ги изберат токму тие лица за членови на управните и на надзорните одбори. Со оглед на целосната нетранспарентност на процесот, оправдан е сомнежот дека списоците за именување на членови на управните и на надзорните одбори на претпријатијата во државна сопственост се составуваат надвор од институциите, односно во партиските кругови.

» Отсуството на јасна и транспарентна постапка за селекција на членовите на раководните органи во државните претпријатија отвора голем простор за волунтаризам, политичко влијание и поставување несоодветни лица на раководни функции во претпријатија чии годишни приходи изнесуваат 800 милиони евра. Наместо стручњаци во областа на работењето на јавното претпријатие, во управните одбори, и тоа на најголемите државни претпријатија, се именувани, меѓу другите, и раководител на бензинска пумпа, сопственик на златарски дуќан, професор по англиски јазик, политиколог, стоматолог, секретари на училиште, педагози, психолози, осигурителни брокери и сл.

» Анализата на добиената документација покажува дека во сите одлуки и решенија за именувања на членови на управните и на надзорните одбори на државните претпријатија се наведени само имињата, без каква било придружна документација со која би се потврдила нивната квалификуваност за таа позиција. Со биографии на членовите на управните и на надзорните одбори на дел од државните претпријатија не располагаат ниту основачите, ниту самите претпријатија.

» Голема разноликост владее во однос на бројот на членови на управните одбори и тој се движи во рамките на законскиот минимум и максиум, односно од 5 до 15 членови. Во однос, пак, на надзорните одбори кај јавните претпријатија, се почитува обврската за пет члена, а кај акционерските друштва има и надзорни одбори со по 7 члена.

» Висината на надоместокот за членовите на одборите се движи од 800 денари по одржана седница, колку што се плаќа во Комуналец – Прилеп, до надоместок од 27.000 денари месечно, за претседателот на Надзорниот одбор на Македонската радио-телевизија. Гледано на годишно ниво, најголеми вкупни

трошоци за членовите на одборите има скопското јавно претпријатие Водовод и канализација, и тоа 2,2 милиони денари, односно околу 36 илјади евра.

## Препораки

» Потребно е да се донесе подзаконски акт во којшто прецизно ќе се пропише процесот на селекција на членовите на раководните органи на државните претпријатија. Притоа, подзаконскиот акт би требало да се однесува на сите претпријатија основани од државата, односно и на јавните претпријатија, и на акционерските друштва во државна сопственост. Во подзаконскиот акт треба да се предвиди основачот на претпријатието да објавува јавен оглас за членство во управните и во надзорните одбори, да спроведува административна проверка на пристигнатите апликации, да организира интервјуа со потенцијалните кандидати и, на крајот, соодветна комисија да ги евалуира кандидатите и да изврши избор на најдобрите кандидати. На овој начин ќе се надмине сегашната состојба во која е потешко некој да се вработи како државен службеник со звање 'помлад референт' отколку да стане член на раководен орган во државно претпријатие и да управува со десетици и стотици милиони евра.

» Потребно е попрецизно да се дефинираат квалификациите на членовите на управните и на надзорните одбори, кај двостепениот систем на управување, и на одборите на директори, кај едностепениот систем на управување. Во однос на управните одбори, потребно е допрецизирање на термините „афирмиран" и „познат" стручњак во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие. Стручноста, како во однос на образованието така и во однос на работното искуство, треба да се докажува со конкретни критериуми што се мерливи. Во согласност со сегашното законско решение, нејасно е како некое лице со 3-годишно работно искуство во која било област може да биде афирмиран и познат и како се докажуваат афирмираноста и стручноста. Во однос, пак, на надзорните одбори, потребно е квалификациите и работното искуство на членовите да се доведат во директна врска со нивната обврска за контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие. Повеќе од јасно е дека ваков вид контрола бара сериозно знаење и искуство, а во спротивно, контролата е само формална.

» Треба да се дополнат Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва со членови, во коишто ќе се предвиди дека постапката за избор на членови на раководните органи, како и нивната квалификуваност, ќе биде уредена со подзаконски прописи.

## Цел и методологија на истражувањето

Целта на истражувањето е претставување и анализа на актуелните практики при избор на членовите на управните и на надзорните одбори за контрола на материјално-финансиското работење во државните претпријатија и да укаже на евентуалните слабости врз чие надминување треба да се работи во иднина. Потребата од оваа анализа произлезе од големите надлежности на управните и на надзорните одбори, од една страна, а немањето законски пропишана процедура за селекција на нивните членови, од друга страна. Имено, по пат на јавен оглас се избираат само директорите на државните претпријатија, додека, пак, за изборот на членови на управните и на надзорните одбори не се објавува оглас и нема јавно познати правила и процедури.

Предмет на анализа беа раководните струкутри во 30-те најголеми државни претпријатија, а потребните информации се бараа од основачите на овие претпријатија, како и од самите претпријатија. Во процесот на истражување се користеше законското право за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во декември 2018 година, до основачите на 30-те најголеми претпријатија беа испратени барања за пристап до информации од јавен карактер. Од основачите на овие претпријатија (Владата, Собранието и 11 единици на локалната самоуправа) беа побарани одлуките за избор на членовите на управните и на надзорните одбори, како и процедурите/постапките за избор на членовите во овие одбори. Од самите претпријатија, пак, беа побарани биографиите на членовите на управните и на надзорните одбори, висината на надоместокот што го примаат, како и дневните редови и записниците од одржуваните седници на овие раководни органи.

Ова истражување е дел од проектот **Засилување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и во приватниот бизнис-сектор,** поддржан од Европската Унија. Проектот предвидува користење мониторинг и истражување за да се идентификуваат генераторите на корупција, ранливите области и активностите што се одговорни за корумпираната практика на претпријатијата во државна сопственост. Значењето на овие активности произлегува оттаму што покрај ресорните министерства, државните претпријатија се најголемиот извор на политичка и економска моќ за владејачките партии. Најочигледен аспект на ваквата моќ е што претпријатијата во целосна државна сопственост остваруваат приходи од 700 до 800 милиони евра на годишно ниво, што е еднакво на буџетите на сите општини во земјава, каде што јавните средства се трошат под многу поголема јавна контрола во споредба со онаа за претпријатијата во државна сопственост.

Истражувањата се фокусираат врз оценување на транспарентноста и отчетноста на државните претпријатија (рангирање врз основа на индикатори во согласност со законските обврски и Упатствата на ОЕЦД); врз политизацијата на управувачките структури во државните претпријатија (анализа на изборот и именувањето на членовите на управниот и на надзорниот одбор, како и нивните надлежности во поглед на односите со владејачките партии), врз слабиот надзор и перформанси во споредба со нивната економска моќ (приходи, расходи, број на вработени, финансиски резултати, неплатени обврски, наплата на побарувања итн.).

## Детален извештај

**Претпријатијата во државна сопственост имаат правен статус на јавни претпријатија и на акционерски друштва. Сите јавни претпријатија, без оглед на тоа дали се основани од Владата, Градот Скопје или општините, имаат исти органи на управување, а тоа се: управен одбор, надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и директор[1]. Акционерските друштва, пак, се основани во согласност со Законот за трговски друштва и можат да имаат едностепен или двостепен систем на управување.**

Едностепен систем на управување значи дека претпријатието има одбор на директори, а двостепен систем на управување значи дека има управен и надзорен одбор. Помал дел од претпријатијата во државна сопственост имаат едностепен систем на управување. Предмет на оваа анализа се 30 најголеми претпријатија во државна сопственост; од нив, во групата на претпријатија со едностепен систем на управување спаѓаат АД Водостопанство, АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката (АДСДП) и АД Градски трговски центар. Во листата на акционерски друштва во државна сопственост со двостепен систем на управување се: АД Електрани на Северна Македонија, АД МЕПСО, АД Македонска пошта, МЖ Транспорт и АД Државна лотарија. Предмет на оваа анализа е и Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија, чиј основач е Собранието, и изборот на раководните органи (Програмски совет и Надзорен одбор) се спроведува во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Важноста на процесот на избор и именување на членовите на овие раководни органи произлегува од големите надлежности на управниот и на надзорниот одбор. Според Законот за јавни претпријатија, управните одбори ги усвојуваат програмите за работа, донесуваат одлуки за инвестиции, утврдуваат цени за производите и услугите, одлучуваат за прашања за внатрешната организација на претпријатијата, за плати на вработените, ги усвојуваат извештаите за финансиското работење, годишната сметка и извештаите за работењето, одлучуваат за употреба на остварениот профит и покривање на загубите, го избираат и го разрешуваат директорот. Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење задолжително ги прегледува тримесечните извештаи, кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето, му дава мислење на управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола. Надзорниот одбор за контрола може да дава одобрение на актите донесени од управниот одбор доколку е тоа утврдено со статутот на јавното претпријатие.

[1] Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија – Скопје, во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наместо управен одбор има програмски совет.

Во согласност со Законот за трговски друштва, управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со друштвото, со исклучок на овластувањата коишто изречно им се дадени на собранието и на надзорниот одбор. Надзорниот одбор, пак, ги избира членовите на управниот одбор и врши увид и ги проверува книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока.

Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва го регулираат бројот на членовите на раководните одбори, квалификациите на членовите и нивните надлежности, но не ја пропишуваат постапката за избор на членовите на управните и на надзорните одбори. Директорите на државните претпријатија се избираат преку објавување јавен повик, но таков повик не е предвиден за пријавување на членовите во управните и во надзорните одбори и оттука, логично се наметнува прашањето како се врши селекцијата на овие луѓе. Исклучок од ова правило, и тоа според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е изборот на Програмски совет на Македонската радио-телевизија (МРТ). Во овој случај Собранието упатува јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлози за членови на Програмскиот совет на МРТ , по што следи избор на членовите од добиените предлози. Според истиот закон, надзорниот одбор се избира од страна на програмскиот совет преку јавен повик.

Во обид да се расветли процесот на именување на членовите во управните и во надзорните одбори, во декември 2018 година, до основачите на 30 најголеми претпријатија и до самите претпријатија се испратени барања за пристап до информации од јавен карактер. Од основачите на овие претпријатијата (Владата, Собранието, Градот Скопје и 10 општини) беа побарани одлуките за избор на членовите на управните и на надзорните одбори, како и процедурите/постапките за изборот. Од самите претпријатија, пак, беа побарани биографиите на членовите на управните и на надзорните одбори, висината на надоместокот што го примаат, како и дневните редови и записниците од одржаните седници на овие раководни органи.

Од Владата како основач беа побарани информации за 14 претпријатија (8 акционерски друштва и 6 јавни претпријатија), од Собранието за 1 претпријатие, од Градот Скопје за 5 јавни претпријатија, од Општина Битола за 2 јавни претпријатија, од општините Струмица, Штип, Куманово, Тетово, Велес, Прилеп, Кочани за по едно јавно претпријатие, а од општините Струга и Охрид за нивното меѓуопштинско јавно претпријатие. Поконкретно, од Владата се побарани релевантните податоци за следните четиринаесет претпријатија: АД Електрани на Северна Македонија, АД Македонска пошта, Македонски железници Транспорт АД, АД МЕПСО Скопје, АД Државна лотарија, АД Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост, АД Градски трговски центар – Скопје, АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, ЈП за стопанисување со државните шуми Македонски шуми, ЈП за државни патишта, ЈП Македонија пат, ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници, ЈП Македонска Радиодифузија и ЈП Стрежево Битола. Од Собранието се побарани информации за Македонската радио-телевизија. Од Град Скопје се побарани податоци

за следните пет претпријатија: ЈП Водовод и канализација Скопје, Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, ЈП Комунална хигиена Скопје, ЈП Паркови и зеленило Скопје и ЈП Улици и патишта Скопје. Од Општина Битола се побарани податоци за ЈКП Водовод Битола и ЈП Комуналец Битола, од Општина Велес за ЈКП Дервен Велес, од Општина Куманово за ЈП Водовод Куманово, од Општина Прилеп за ЈКП Комуналец Прилеп, од Општина Кочани за КЈП Водовод Кочани, од Општина Струмица за ЈП за комунални дејности Комуналец Струмица, од Општина Тетово се побарани податоци за ЈКП Тетово, од Општина Штип за ЈП Исар Штип и од општините Струга и Охрид се побарани податоци за меѓуопштинското јавно претпријатие МЈП Проаква.

Самиот процес на прибирање на податоците траеше многу подолго од предвиденото и беше проследен и со доставување жалби до надлежната Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Дел од основачите на претпријатијата, но и самите претпријатија, не ги доставуваа побараните податоци. Во Прилог бр. 1 на оваа анализа е даден преглед на причините за доставените 20 жалби. Притоа, за ниту еден од случаите Комисијата не беше во можност да донесе решение бидејќи нема соодветен број членови за одлучување.[2]

Анализата на прибраните податоци покажа низа аномалии во процесот на селекција на членовите на управните и на надзорните одбори, потоа во соодветноста на избраните членови, како и сериозни разлики во бројот на членови на овие тела и надоместоците што им се плаќаат.

**Владата и единиците на локалната самоуправа не поседуваат процедури за селекција на членовите на управните одбори и на надзорните одбори за контрола на материјално-финансиското работење во државните претпријатија.** Владата, Градот Скопје и општините Битола, Велес, Куманово, Прилеп, Кочани, Струмица, Тетово, Штип, Струга и Охрид не беа во можност да достават некаков документ којшто го регулира процесот на селекција на членовите на раководните органи, а којшто им беше побаран во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Ваква процедура нема дури ни Владата, која се јавува како основач на најголем број државни претпријатија, односно на 14 од 30 најголеми претпријатија што се предмет на оваа анализа. Вкупно, Владата е основач на 26 од 142 државни претпријатија во државава.

Владата, во согласност со доставениот одговор, за именувањето на членовите на управните и на надзорните одбори на јавните претпријатија се повика на членовите 17 и 26 од Законот за ЈП, а во однос на акционерските друштва не даде никакво објаснување. Станува збор за членови од законот во кои се вели дека: *Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од најмалку пет, а најмногу 15 членови. Во управниот одбор основачот именува, односно разрешува претставници од редот на*

---

[2] По усвоената оставка на претседателот на Комисијата на 2 мај 2018 година, Комисијата како колективно тело кое одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Комисијата, повеќе не можеше да донесува важечки одлуки, поради тоа што истата броеше само два од законски предвидените пет члена.

*афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници. За претседател и член на управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови: е државјанин на Република Македонија, има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и има минимум три години работно искуство. Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор не може да биде подолг од четири години (член 17). За вршење контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) од пет члена. Времетраењето на мандатот на членовите на надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години. Членовите на надзорниот одбор од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува основачот. За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови: е државјанин на Република Македонија, има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и има минимум три години работно искуство (член 26).*

Како што може да се види, членовите од Законот за јавни претпријатија врз основа на коишто Владата ги носи решенијата за избор на членови на управните и на надзорните одбори на јавните претпријатија не го определуваат начинот на којшто се доаѓа до потенцијалните кандидати, односно дали се објавува јавен повик за да се пријават сите заинтересирани или, пак, некој се јавува како нивни предлагач. Истата празнина се јавува и кога станува збор за акционерските друштва основани од Владата. Имено, Законот за трговски друштва вели дека *Членовите на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор ги избира собранието со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието со овој закон, освен ако со статутот не е определено повисоко мнозинство, на начин и според условите определени во статутот* (член 344). Но, во Законот стои и дека членовите на Собранието на акционери треба најмалку 7 дена претходно да ги имаат податоците за кандидатите за членови на одборите, нивното образование и претходното работно искуство. Генерално гледано, според Законот за трговски друштва, членовите на управните одбори ги избира надзорниот одбор. Воедно, со оглед на тоа што членовите на управните одбори во акционерските друштва основани од Владата се од редот на директорите на самата компанија, клучното прашање овде е како се избираат надзорните одбори за контрола. Од одговорот добиен од Владата станува јасно дека таа нема процедура за селекција на членовите на надзорните одбори во акционерски друштва. Според добиената документација од акционерските друштва, се гледа дека на барање на Владата, овластен нотар присуствува на седница на Собранието на акционери, која се одржува во седиштето на Владата, и на седница на Владата, која како единствен акционер го претставува Собранието на акционери. Од записниците од овие седници, коишто ги води овластениот нотар, се гледа дека и во овие случаи се носат одлуки за избор на конкретни, однапред одредени лица, за кои се наведува само

местото на живеење. Нема расправа на седницата, ниту, пак, избор на едно лице за член на надзорен одбор од повеќе кандидати, на пример.

**Со оглед на тоа што релевантните закони (Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва) не го дефинираат процесот на селекција на членовите на управните и на надзорните одбори, а во исто време произлегува дека таква процедура не е развиена ниту од самите институции, останува нејасно како и кој ги составувал списоците за предлог-членовите за овие раководни органи што се доставувани до Владата и до единиците на локалната самоуправа за нивно усвојување. Со оглед на целосната нетранспарентност на процесот, произлегува дека е оправдан сомнежот за состанување на овие списоци надвор од институциите, односно во партиските кругови.**

Начинот на којшто токму наведените имиња се стекнале со статус на членови на управни или на надзорни одбори не може да се увиди ниту од одлуките за именување кои беа побарани. Притоа, Владата, која се јавува како основач на најголемиот број од анализираните државни претпријатија, не ги достави дури ни побараните одлуки/решенија за именување на членовите на раководните органи. Во дописот од Генералниот секретаријат на Владата беше наведено дека решенијата за именувањата се носат на седници на Владата и дека се објавуваат во „Службен весник". Воедно, доставеното барање за информации во однос на именувањата на членовите на управните и на надзорните одбори во 14 претпријатија Владата го препрати до самите претпријатија.

Со оглед на тоа што одлуките за именување на членовите на управните и на надзорните органи ги донесува Владата и ги потпишуваат претседателот на Владата или замениците-претседатели, Генералниот секретаријат на Владата како имател на овие информации не постапи во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Владата не ги достави побараните документи дури и по укажувањата дека не постапуваат законски, по што беше доставена жалба до надлежната Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации.

Најголем дел од државните претпријатија основани од Владата постапија во согласност со добиената инструкција од неа и ги доставија одлуките за именување на членовите на раководните структури. Но, како е направен изборот на раководните органи на државните претпријатија не станува појасно ниту од одлуките за назначување на членовите на управните и на надзорните одобри. Во нив само се наведени членовите од релевантните закони врз основа на коишто се врши именувањето на членовите на управните и на надзорните одбори. Во Прилог бр.2 од оваа анализа даден е детален преглед на кои законски одредби се повикале основачите при донесување на одлуките за избор на членови на управните и на надзорните одбори.

**Во сите одлуки и решенија за именувања на членови на управните и на надзорните одбори на државните претпријатија се наведени само имињата,**

**без каква било придружна документација со која би се потврдила нивната квалификуваност за таа позиција**.

Законот за јавни претпријатија и за трговски друштва содржи прилично општи одредби во однос на квалификациите на членовите на овие раководни органи, но сепак, и за така поставените критериуми потребна е проверка дали предложените членови ги исполнуваат. Од добиената документација, и од основачите и од претпријатијата, останува нејасно кој проверувал дали именуваните членови на управните одбори се претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие, односно дека членовите на надзорниот одбор се лица со високо образование, кои поседуваат знаења и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

Со тоа што во сите решенија или одлуки за именување на членови во управниот одбор и во одборите за контрола на материјално-финансиското работење се наведени само нивните имиња и презимиња, се оневозможува каков било увид од јавноста. Овие решенија и одлуки, дури и кога ќе се објават во „Службен весник" (решенијата на Владата и Собранието) и во службениците гласници на општините, не содржат никаков дополнителен податок освен имињата и презимињата на членовите.

**Отсуството на јасна и транспарентна постапка за селекција на членовите на раководните органи во државните претпријатија отвора голем простор за волунтаризам, политичко влијание и поставување несоодветни лица на раководни функции во претпријатија чии годишни приходи изнесуваат 800 милиони евра.**

Како последица на нетранспарентноста на процесот, во листата на членови на управните одбори се наоѓаат многу политички кадри, поранешни пратеници, поранешни градоначалници, секторски директори во други државни претпријатија, припадници на државната администрација, сметководители во приватни компании, адвокати, секретари на училишта, педагози, психолози па и раководител на бензински пумпи, сопственик на златарски дуќан, професор по англиски јазик, стоматолог. Па оттука, за повеќето членови на УО не може да се увиди искуството кое го имаат во претходното или сегашното работење, за да можат да се вбројат во листата на претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие, како што стои во член 17 од Законот за јавни претпријатија. Произлегува дека дури и оваа општа формулација, *претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие* е недостижна за повеќето членови на управните одбори.

Во однос, пак, на надзорните одбори за контрола на материјално-финансиското работење, од анализата на добиените податоци произлегува дека само една третина од членовите на надзорните одбори имаат економско образование и поседуваат знаења и искуство од дејноста на финансиското и сметководственото работење. Па така, во листата на членови на надзорните одобри за контрола се наоѓаат правници, адвокати, социјални работници, професори по одделенска настава, лекари, електричари итн.

Со оглед на тоа што нема јасни правила кои припадници на јавната администрација можат да бидат членови на управни и на надзорни одбори, не е регулирано ниту прашањето како кај нив да се превенира евентуален судир на интереси и плаќање од државната каса по двапати, еднаш за работење во една институција или претпријатие и вториот пат за членување во раководен орган во државно претпријатие.

Несоодветноста на избраните членови на управните и на надзорните одбори е можеби и причината што според истражувањето „Транспарентност и отчетност на претпријатијата во државна сопственост", речиси половина од претпријатијата ги немаат објавено ниту имињата на членовите на управните и на надзорните одбори. Објавувањето, пак, на биографиите на членовите на овие управувачки органи, со што нивната компетентност би се ставила на увид на пошироката јавност, е пракса само на 2 од 30-те најголеми претпријатија во државна сопственост.

**Со биографиите на членовите на управните и на надзорните одбори на дел од државните претпријатија не располагаа ниту Владата, како нивни основач, ниту самите претпријатија.** Ова е случај со биографиите на членовите на одборите на ЈП Македонија пат Скопје, ЈП Македонска радиодифузија Скопје и ЈП Стрежево Битола. Претпријатијата не можеа да ги достават биографиите затоа што не ги поседуваат и доставените барања ги препратија до Владата како основач, а оттаму беше доставен одговор дека „имателот не располага со информацијата". Овие случаи можат да се третираат и како потврда на сомнежите дека списоците на членовите на управните и на надзорните одбори се прават во партиски кругови, без притоа да се почитува каква било постапка.




**Симптоматичен е и односот на претпријатијата основани од Град Скопје. Ниту едно од петте кои беа предмет на анализа не ги доставија побараните**

**биографии.** Притоа, Комунална хигиена Скопје и ЈП Улици и патишта не дадоа образложение за таквото постапување, додека, пак, ЈП Паркови и зеленило Скопје, ЈП Водовод и канализација Скопје и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје доставија одговор дека членовите потпишале изјави со кои не дозволуваат нивните биографии да се доставуваат на трети лица. Ваквиот одговор, се разбира, доволно зборува за односот на вработените во овие претпријатија кон јавноста, која во овој случај е само „трето лице".

Во групата на претпријатија кои не ги доставија биографиите на членовите на управните и на надзорните одбори се вбројуваат и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, АД ГТЦ, МЈП Проаква Струга, ЈКП Тетово и ЈП Исар Штип.

Во групата, пак, на претпријатија кои доставија дел од биографиите на членовите на одборите припаѓаат Македонски шуми и Комуналец Прилеп.

Со цел да се придонесе кон подобро информирање на јавноста, во прилог на ова истражување, на веб-платформата Opendata.mk, се објавени во ексел-формат имињата на членовите на управните и на надзорните одбори и основните податоци за нив, како што се датумот на раѓање, сегашното работно место, претходното работно искуство, датумот на именувањето и висината на надоместокот. За дел од членовите на управните и на надзорните одбори не се обезбедија податоците, иако прибирањето на одговорите траеше речиси половина година. Ова искуство секако оди во прилог на впечатокот дека на државните претпријатија досега им е овозможено да практикуваат ниско ниво на транспарентност и отчетност за нивното работење – состојба кон чие менување се прават првите системски и сериозни чекори во Република Северна Македонија.

**Голема разноликост владее во однос на бројот на членови на управните одбори и тој се движи во рамките на законскиот минимум и максимум, односно од 5 до 15 членови. Во однос, пак, на надзорните одбори кај јавните претпријатија, се почитува обврската за пет члена, а кај акционерските друштва се евидентирани и надзорни одбори со по 7 члена.**

Најмалиот број на членови на УО, односно 5 лица, го имаат МЖ Инфраструктура, ЈП Македонија пат Скопје, АД Државна лотарија на Македонија, ЈПКД Комуналец Струмица и ЈКП Дервен Велес. Најголемо, пак, со дури 15 членови е Меѓуопштинското јавно претпријатие Проаква, каде што две општини како основачи именуваат свои членови, и Струга и Охрид. Во групата со побројни членови на управните одбори, и тоа од 13 или 12 члена, се вбројуваат претпријатијата основани од Градот Скопје**.**

Разликата во бројот на членовите на управните одбори не може да се доведе во директна врска со големината на претпријатијата. Најголемото државно претпријатие, АД Електрани, кое располага со 235 милиони евра, има управен одбор со 7 члена, додека, пак, ЈП Комуналец Битола, кое располага со 2,8 милиони евра, има управен одбор со 9 члена.

**Доминантен дел од претпријатијата (80 %) го применуваат моделот на плаќање на надоместок за членовите на управните и на надзорните одбори на месечно ниво, а само 10 % по одржана седница на одборот**. Како што може да се види од графичкиот приказ, 10 % од анализираните претпријатија не ги доставија побараните податоци, и тоа ЈП Улици и патишта Скопје, ЈКП Тетово АД и Градски трговски центар.




**Висината на надоместокот за членовите на управните одбори на државните претпријатија се движи од 800 денари по одржана седница, колку што се плаќа во јавното претпријатие Комуналец од Прилеп, до 24.000 денари, колку што прима месечно претседателот на Одборот на директори на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката (АДСДП).** Заклучно со ноември 2018 година, месечниот паушал на претседателот на Одборот на директори на АДСДП изнесувал 12.000 денари, а на неизвршните членови – по 10.000 денари. Со одлука на Владата од 06.11.2018 година, месечниот паушал на претседателот на Одборот на директори на ова акционерско друштво изнесува 24.000 денари, а на неизвршните членови по 20.000 денари. Гледано на ниво на претпријатија основани од Владата, освен месечниот паушал на АДСДП, кај другите претпријатија надоместокот е релативно усогласен. Големи разлики се јавуваат во надоместокот којшто го добиваат членовите на управните одбори основани од единиците на локалната самоуправа. Притоа, највисоки примања можат да се забележат кај членовите на управните одбори на претпријатијата основани од Градот Скопје, наспроти оние основани од други општини во земјата.

**Месечен надоместок што им се плаќа на членовите на управните одбори**

(во денари)

| Претпријатие | Претседател на управен одбор | Заменик-претседател на управен одбор | Член на управен одбор |
|---|---|---|---|
| АДСДП (Одбор на директори) | 24.000 | 20.000 | 20.000 |
| ЈП за државни патишта | 14.000 | 13.000 | 12.000 |
| ЈП Македонска радиодифузија Скопје | 12.000 | 11.000 | 10.000 |
| ЈП Стрежево Битола | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| ЈП Македонија пат Скопје | 12.000 | 11.000 | 10.000 |
| ЈП Македонски шуми Скопје | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| ЈП МЖ Инфраструктура | 12.000 | 11.000 | 10.000 |
| АД Државна лотарија на Македонија | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| АД Водостопанство (Одбор на директори) | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| ЈП Водовод и канализација Скопје | 12.000 | 11.000 | 10.000 |
| ЈП Паркови и зеленило Скопје | 10.000 | 8.000 | 8.000 |
| ЈП Комунална хигиена Скопје | 10.000 | 8.000 | 8.000 |
| ЈСП Скопје | 10.000 | 8.000 | 8.000 |
| ЈКП Дервен Велес | 9.000 | 8.000 | 8.000 |
| МЈП Проаква Струга | 7.800 | 6.000 | 6.000 |
| ЈП Исар Штип | 7.000 | 5.000 | 5.000 |
| ЈП Комуналец Битола | 5.500 | 4.500 | 4.500 |
| ЈП Водовод Битола | 5.000 | 4.500 | 4.500 |
| ЈП Водовод Куманово | 4.500 | 4.500 | 4.500 |
| ЈПКД Комуналец Струмица | 3.000 | 3.000 | 3.000 |
| ЈП МРТВ (Програмски совет)[3] | 11.000 по седница | 10.000 по седница | 8.000 по седница |
| КЈП Водовод Кочани[4] | 3.000 по седница | 3.000 по седница | 3.000 по седница |
| ЈКП Комуналец Прилеп | 800 по седница | 800 по седница | 800 по седница |
| АД МЕПСО | деловна тајна | деловна тајна | деловна тајна |
| АД ЕСМ[5] | не примаат надоместок | не примаат надоместок | не примаат надоместок |
| АД Македонска пошта[6] | не примаат | не примаат надоместок | не примаат |

[3] Програмскиот совет како орган на МРТ прима надоместок во висина од една третина од просечно исплатената плата во РСМ по завршена седница, односно по исцрпување на дневниот ред утврден за таа седница. За претседателот и за заменикот на претседателот на Програмскиот совет овој надоместок се зголемува за 3.000, односно за 2.000 денари, врз основа на донесена одлука од 01.09.2015 г. На членовите на Програмскиот совет на МРТ кои живеат надвор од Скопје им се исплаќа надоместок на патните трошоци кога присуствуваат на седниците.

[4] Надоместокот се исплаќа максимум за една седница во месецот.

[5] Во УО членуваат директорите на претпријатието.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | надоместок | | надоместок |
| АД МЖ Транспорт Скопје[7] | не примаат надоместок | не примаат надоместок | не примаат надоместок |
| ЈП Улици и патишта Скопје | не е доставена информација | не е доставена информација | не е доставена информација |
| ЈКП Тетово | не е доставена информација | не е доставена информација | не е доставена информација |
| АД Градски трговски центар | не е доставена информација | не е доставена информација | не е доставена информација |

**Во однос, пак, на надзорните одбори, на дното со надоместок од 800 денари по одржана седница и овде е ЈКП Комуналец Прилеп, а на врвот Македонската радио-телевизија, со надоместок од дури 27.000 денари месечно за претседателот на надзорниот одбор, 26.000 денари надоместок за заменик-претседателот и 24.000 денари за член.**

Доминантен дел од претпријатијата плаќаат идентична висина на надоместоците за членовите на управниот и на надзорниот одбор. Разлики се констататирани само кај МРТ, каде што членовите на надзорниот одбор примаат повисоки надоместоци, додека кај ЈКП Дервен Велес, ЈП Водовод Куманово, МЈП Проаква Струга и ЈП Исар Штип, забележливо е дека членовите на надзорните одбори примаат помали надоместоци од членовите на управните одбори.

**Месечен надомест што им се плаќа на членовите на надзорните одбори** (во денари)

| Претпријатие | Претседател на надзорен одбор | Заменик-претседател на надзорен одбор | Член на надзорен одбор |
|---|---|---|---|
| ЈП МРТВ | 27.000 | 26.000 | 24.000 |
| ЈП за државни патишта | 14.000 | 12.000 | 12.000 |
| ЈП Македонска радиодифузија Скопје | 12.000 | 11.000 | 10.000 |
| ЈП Стрежево Битола | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| ЈП Македонија пат Скопје | 12.000 | 11.000 | 10.000 |
| ЈП Македонски шуми Скопје | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| ЈП МЖ Инфраструктура | 12.000 | 11.000 | 10.000 |
| АД МЕПСО | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| АД ЕСМ | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| АД Македонска пошта | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| АД Државна лотарија на Македонија | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| АД МЖ Транспорт | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| ЈП Паркови и зеленило Скопје | 10.000 | 8.000 | 8.000 |
| ЈП Комунална хигиена Скопје | 10.000 | 8.000 | 8.000 |

[6] Во УО членуваат директорите на претпријатието.
[7] Во УО членуваат директорите на претпријатието.

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЈП Водовод и канализација Скопје | 12.000 | 10.000 | 10.000 |
| ЈСП Скопје | 10.000 | 8.000 | 8.000 |
| МЈП Проаква Струга | 4.000 | 4.000 | 4.000 |
| ЈП Исар Штип | 5.000 | 3.500 | 3.500 |
| ЈП Комуналец Битола | 5.500 | 4.500 | 4.500 |
| ЈП Водовод Битола | 5.000 | 4.500 | 4.500 |
| ЈП Водовод Куманово | 2.500 | 2.500 | 2.500 |
| ЈПКД Комуналец Струмица | 3.000 | 3.000 | 3.000 |
| ЈКП Дервен Велес | 1.800 по седница | 1.800 по седница | 1.800 по седница |
| КЈП Водовод Кочани[8] | 3.000 денари по седница | 3.000 денари по седница | 3.000 денари по седница |
| ЈКП Комуналец Прилеп | 800 денари по седница | 800 денари по седница | 800 денари по седница |
| ЈП Улици и патишта Скопје | не е доставена информација | не е доставена информација | не е доставена информација |
| ЈКП Тетово | не е доставена информација | не е доставена информација | не е доставена информација |

Гледано на месечно и на годишно ниво, најголеми трошоци за членовите на одборите има скопското јавно претпријатие Водовод и канализација, и тоа 2.220.000 денари годишно, односно околу 36 илјади евра. Во групата со годишни расходи над 30 илјади евра спаѓаат и Македонската радио-телевизија, Македонски шуми и Македонска радиодифузија.

**Вкупни трошоци за надомест на членовите на одборите** (во денари)

| Претпријатие | Трошоци на месечно ниво | Трошоци на годишно ниво |
|---|---|---|
| ЈП Водовод и канализација Скопје | 185.000 | 2.220.000 |
| ЈП МРТ[9] | 184.250 | 2.211.000 |
| ЈП Македонски шуми Скопје | 184.000 | 2.208.000 |
| ЈП Македонска радиодифузија Скопје | 166.000 | 1.992.000 |
| ЈП Паркови и зеленило Скопје | 148.000 | 1.776.000 |
| ЈСП Скопје | 146.000 | 1.752.000 |
| ЈП Стрежево Битола | 144.000 | 1.728.000 |
| ЈП Комунална хигиена Скопје | 140.000 | 1.680.000 |
| ЈП за државни патишта | 136.000 | 1.632.000 |
| ЈП Македонија пат Скопје | 106.000 | 1.272.000 |
| МЈП Проаква Струга | 105.800 | 1.269.600 |
| АД Државна лотарија на Македонија | 104.000 | 1.248.000 |
| АДСДП[10] | 104.000 | 1.248.000 |

[8] Надоместокот се исплаќа максимум за една седница во месецот.
[9] Пресметката е направена врз основа на проценка за одржани 27 седници на Програмскиот совет.
[10] Надоместокот што им се плаќа на членовите на Одборот на директори е пресметан врз основа на новата одлука на Владата од 06.11.2018, според која месечниот паушал за претседателот на Одборот на директори изнесува 24.000 денари, а за неизвршните членови по 20.000 денари.

| | | |
|---|---|---|
| ЈП МЖ Инфраструктура | 96.000 | 1.152.000 |
| АД МЕПСО[11] | 72.000 | 864.000 |
| МЖ Транспорт АД Скопје | 72.000 | 864.000 |
| ЈП Исар Штип | 66.000 | 792.000 |
| ЈП Комуналец Битола | 65.000 | 780.000 |
| ЈП Водовод Битола | 64.000 | 768.000 |
| КЈП Водовод Кочани | по седница | 672.000 |
| ЈП Водовод Куманово | 53.000 | 636.000 |
| АД ЕСМ | 52.000 | 624.000 |
| АД Македонска пошта | 52.000 | 624.000 |
| АД Водостопанство на РМ во државна сопственост[12] | 52.000 | 624.000 |
| ЈКП Дервен Велес | 45.500 | 546.000 |
| ЈПКД Комуналец Струмица | 30.000 | 360.000 |
| ЈКП Комуналец Прилеп | по седница | / |
| ЈП Улици и патишта Скопје | не е доставена информација | не е доставена информација |
| ЈКП Тетово | не е доставена информација | не е доставена информација |
| АД ГТЦ | не е доставена информација | не е доставена информација |

Според добиените податоци, во периодот јануари – ноември 2018 година, најголем број седници и на управниот и на надзорниот одбор има АД МЕПСО, и тоа 41 седница на управниот одбор и 16 на надзорниот. Најмалку состаноци, пак, во истиот период имаат управните одбори на КЈП Водовод Кочани и ЈП Водовод Куманово – по 8, а во однос на надзорните одбори, тоа е ЈКП Дервен Велес и ЈП Водовод Битола, по само 4 состаноци.

**Одржани седници во периодот јануари – ноември 2018**

| Претпријатие | Број на седници на УО | Број на седници НО |
|---|---|---|
| АД МЕПСО | 41 | 16 |
| ЈП Стрежево Битола | 32 | 14 |
| АДСДП | 29 | нема надзорен одбор |
| ЈРП Македонска радио-телевизија Скопје | 25 | 14 |
| МЖ Инфраструктура | 22 | не е доставена информација |
| ЈП Македонска радиодифузија Скопје | 19 | 7 |
| АД Државна лотарија на Македонија | 14 | 10 |
| ЈП Водовод Битола | 20 | 4 |
| ЈП Комуналец Битола | 18 | 9 |
| АД Македонска пошта | 15 | не е доставена информација |
| МЈП Проаква Струга | 10 | не е доставена информација |

[11] Со оглед на тоа што надоместокот што им се плаќа е прогласен за деловна тајна, нејасно е дали директорите на МЕПСО кои се членови на УО добиваат дополнителен надоместок или не.
[12] Акционерското друштво има едностепен систем на управување и има само Одбор на директори со извршни и неизвршни членови.

| | | |
|---|---|---|
| ЈП Паркови и зеленило | 14 | 5 |
| МЖ Транспорт АД Скопје | 13 | 19 |
| ЈСП Скопје | 13 | не е доставена информација |
| ЈП Македонија пат Скопје | 13 | не е доставена информација |
| ЈП Исар Штип | 12 | не е доставена информација |
| ЈП Комунална хигиена Скопје | 11 | 5 |
| ЈПКД Комуналец Струмица | 11 | 5 |
| ЈП Водовод и канализација Скопје | 11 | не е доставена информација |
| ЈКП Дервен Велес | 9 | 4 |
| КЈП Водовод Кочани | 8 | 6 |
| ЈП Водовод Куманово | 8 | 6 |
| ЈП за државни патишта | не е доставена информација | Не се доставени информации |
| АД ЕЛЕМ Скопје | не е доставена информација | Не се доставени информации |
| ЈП Македонски шуми Скопје | не е доставена информација | не е доставена информација |
| ЈП Улици и патишта Скопје | не е доставена информација | не е доставена информација |
| АД Водостопанство на РМ во државна сопственост | не е доставена информација | нема надзорен одбор |
| ЈКП Тетово | не е доставена информација | не е доставена информација |
| АД ГТЦ | не е доставена информација | не е доставена информација |
| ЈКП Комуналец Прилеп | не е доставена информација | не е доставена информација |

## Препораки

- ✓ Потребно е да се донесе подзаконски акт во којшто прецизно ќе се пропише процесот на селекција на членовите на раководните органи. Притоа, подзаконскиот акт би требало да се однесува на сите претпријатија основани од државата, односно и на јавните претпријатија, и на акционерските друштва. Во подзаконскиот акт треба да се предвиди основачот на претпријатието да објавува јавен оглас за членство во управните и во надзорните одбори, да спроведува административна проверка на пристигнатите апликации, потоа да организира интервјуа со потенцијалните кандидати и на крајот, соодветна комисија да ги евалуира кандидатите и да изврши избор на најдобрите кандидати. На овој начин ќе се надмине сегашната состојба во која е потешко некој да се вработи како државен службеник со звање ‛помлад референт’ отколку да стане член на раководен орган во државно претпријатие и да управува со десетици и стотици милиони евра. Имено, Законот за државни службеници пропишува многу прецизна постапка за вработување како државен службеник, а наспроти тоа, Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва го регулираат само бројот на членови на раководните органи, нивните квалификации и ингеренции, но не ја пропишуваат постапката за избор на членовите на управните и на надзорните одбори.

- ✓ Потребно е попрецизно да се дефинираат квалификациите на членовите на управните и на надзорните одбори, кај двостепениот систем на управување, и на одборите на директорите, кај едностепениот систем на управување. Во однос на управните одбори, потребно е допрецизирање на термините „афирмиран‟ и „познат‟ стручњак во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие. Стручноста, како во однос на образованието така и во однос на работното искуство, треба да се докажува со конкретни критериуми кои се мерливи. Според сегашното законско решение, нејасно е како некое лице со 3-годишно работно искуство во која било област може да биде афирмиран и познат и како се докажува афирмираноста и стручноста. Имено, членот 17 од Законот за јавни претпријатија вели: *Во управниот одбор основачот именува, односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници. За претседател и член на управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови: е државјанин на Република Македонија, има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност иима минимум три години работно искуство.* Наспроти ваквата одредба, со воведувањето попрецизни и мерливи критериуми би се намалила можноста за субјективизам и политизација во изборот и би се зголемиле шансите за професионализација на управните и на надзорните одбори.

Во однос, пак, на надзорните одбори, во Законот за јавни претпријатија, во член 26, се вели: *За вршење контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) од пет члена. Времетраењето на мандатот на членовите на надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години.Членовите на надзорниот одбор од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува основачот. За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови: е државјанин на Република Македонија, да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и има минимум три години работно искуство.* Потребно е квалификациите и работното искуство на членовите на надзорните одбори да се доведе во директна врска со нивната обврска за контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие. Повеќе од јасно е дека ваков вид контрола бара сериозно знаење и искуство, а во спротивно, контролата е само формална. Со оглед на големината на капиталот со којшто располагаат, неопходно е да се пронајде модел за зголемување на квалификуваноста и на членовите на надзорните одбори во акционерските друштва во државна сопственост. Законот за трговски друштва не ги дефинира квалификациите на раководните органи бидејќи тие членови ги избираат акционерите и се тргнува од пазарната логика дека сопствениците ќе им ги доверат раководните места на луѓе во чии компетенции имаат најголема доверба. Ваквиот принцип не е соодветен кај претпријатијата во државна сопственост, каде што е потребно контролата врз начинот на работењето да се обезбеди во име на граѓаните, а како формален акционер се јавуваат Владата и општините. Притоа, не секогаш интересот на носителите на функции е во интерес на јавноста и оттука е потребна компетентна и релевантна контрола.

- ✓ Треба да се дополнат Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва со членови во коишто ќе се предвиди дека постапката за избор на членовите на раководните органи, како и нивната квалификуваност, ќе биде уредена со подзаконски прописи.

## ПРИЛОГ бр.1: Причини поради кои е поднесена жалба на одговорот на барањето за слободен пристап до информациите од јавен карактер

| Имател на информацијата | Причина за жалба |
|---|---|
| **Влада на РСМ** | Делот од барањето кое се однесува на одлуките за избор на членовите на органите на управување на претпријатијата чиј основач е го препратила до самите препријатија, иако таа, како институција, ги креира овие документи и е имател на информациите. |
| **Општина Тетово** | Не е доставен никаков одговор. |
| **Јавно претпријатие за државни патишта** | Не ги доставиле биографиите на членови на Управниот одбор. Биографиите не се доставени бидејќи имало промени во составот на Управниот и на Надзорниот одбор, а дневните редови и записниците од одржаните состаноци не се доставени бидејќи тие не се дел од листата на информации од јавен карактер со кои располага претпријатието. |
| **АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје** | Не ги доставиле биографиите на членовите на органот на управување на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, односно на Одборот на директори. Во врска со дневните редови и записниците од состаноците на органот на управување, имателот доставил само податок за бројот на одржаните седници, но не и дневните редови и записниците од нив. |
| **ЈП Стрежево** | Не одговорија. Потоа ги доставија сите податоци, освен биографиите бидејќи ги немаат. Барањето за биографиите го препратија до основачот (Влада). |
| **Јавно претпријатие Македонски шуми Скопје** | Недостасуваат биографиите на членови на Управниот одбор.<br>Исто така, не ги доставиле информациите за дневните редови и записниците од одржаните состаноци на УО и НО за периодот јануари – ноември 2018 година. |
| **Јавно претпријатие „Македонија пат“ Скопје** | Не ги доставиле биографиите на членовите на УО и НО бидејќи ги немаат. Откако го препратиле барањето до основачот, и тој одговори дека ги нема. |
| **АД Македонска пошта** | Немаат доставено дневни редови и записници од состаноците на УО и НО. |
| **ЈП Македонска радиодифузија – Скопје** | Не ги доставиле биографиите на членовите на УО и НО (ги нема ни ЈП, ни основачот). |
| **АД Водостопанство на РМ во државна сопственост** | Не ги доставиле информациите за тоа кога се именувани членовите на органот на управување, нивните биографии, дневните редови и записниците од нивните состаноци, како и надоместоците што ги примаат. (Биографиите и надоместоците ги доставија, дневните редови и записниците биле интерни документи). |

| | |
|---|---|
| **Јавно претпријатие „Паркови и зеленило"** | Не доставиле биографии. ЈП вели дека ги нема и го препратиле тој дел од барањето до основачот, којшто потоа одговори дека членовите потпишале изјави со кои тие не дозволуваат нивните лични податоци да бидат споделувани со трети лица. |
| **Јавно претпријатие Комунална хигиена Скопје** | Не ги доставиле биографиите на членовите на УО и НО бидејќи ги немаат, делот од барањето го имаат доставено до основачот, од којшто сѐ уште нема одговор. |
| **Јавно претпријатие Водовод и канализација Скопје** | Не ги доставиле биографиите на членовите на УО и НО бидејќи членовите потпишале изјави со кои не дозволуваат нивните податоци да бидат споделувани со трети лица. |
| **Јавно сообраќајно претпријатие Скопје** | Не ги доставиле биографиите на членовите на УО и НО со образложение дека тие потпишале изјава со која е забрането споделувањето со трети лица информации во врска со нивната биографија, без нивна согласност. |
| **ЈП Улици и патишта Скопје** | Во одговорот имателот на информацијата ЈП Улици и патишта Скопје само го известил барателот дека дел од барањето е препратено до Градот Скопје и всушност не одговорил по ниту една точка од барањето. |
| **Јавно комунално претпријатие „Комуналец" Прилеп** | Недостасуваат биографиите на два члена на надзорниот одбор. |
| **ЈП Комуналец Битола** | Не ги доставиле дневните редови и записниците од состаноците на Управниот и на Надзорниот одбор на ЈП Комуналец Битола. Дополнително ги доставија на 28.12.2018 година. |
| **МЈП Проаква Струга** | Не ги доставиле биографиите на членовите на УО и НО. |
| **ЈКП Тетово** | Не доставиле никаков одговор. |
| **ЈП Исар Штип** | Не ги доставиле биографиите на членовите УО и НО, како и дневните редови и записниците од состаноците на Надзорниот одбор за периодот јануари – ноември 2018 година. |

## ПРИЛОГ бр.2: Законски одредби на кои што се повикале основачите при донесување на одлуките за именување на членови на управните и на надзорните одбори

| Претпријатие | Законска одредба | Содржина на наведениот член |
|---|---|---|

| | наведена во одлуките/решенијата за назначување на членовите на УО и НО | |
|---|---|---|
| **ЈП за државни патишта (УО)**<br>**ЈП Паркови и зеленило (УО)**<br>**МЖ Инфраструктура (УО)**<br>**ЈП Комунална Хигиена (УО и НО)**<br>**ЈП Водовод и кан. Скопје (УО)**<br>**ЈСП (УО)**<br>**ЈКП Комуналец Прилеп (УО и НО)**<br>**ЈКП Дервен Велес (УО и НО)**<br>**КЈП Водовод Кочани (УО)**<br>**ЈП Македонија пат (УО)**<br>**ЈП Водовод Куманово (УО)**<br>**ЈП Улици и патишта (УО)**<br>**ЈП Комуналец Битола (УО)**<br>**ЈПКД Комуналец Струмица (УО)**<br>**ЈП Македонска радиодифузија (УО)**<br>**ЈП Водовод Битола (УО)**<br>**ЈП Исар Штип (УО)** | Закон за јавни претпријатија (чл. 17) | Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од најмалку пет, а најмногу 15 членови.<br>Во управниот одбор основачот именува, односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие, имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.<br>Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор не може да биде подолг од четири години. |
| **ЈП паркови и зеленило (УО и НО)**<br>**ЈП Комунална Хигиена (УО и НО)**<br>**ЈП Водовод и кан. Скопје (УО и НО)**<br>**Јавно сообраќајно** | Закон за локална самоуправа (чл. 36) | Надлежност на советот<br>...<br>5. Именува членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа.<br>... |

| | | |
|---|---|---|
| **претпријатие (УО и НО)**<br>**ЈКП Комуналец Прилеп (УО и НО)**<br>**ЈКП Дервен Велес (УО)**<br>**ЈП Водовод Куманово (УО)**<br>**ЈП Улици и патишта (УО и НО)**<br>**ЈП Комуналец Битола (УО и НО)**<br>**ЈП Водовод Битола (УО и НО)**<br>**ЈП Исар Штип (УО)** | | |
| **ЈП за државни патишта (НО)**<br>**ЈП Паркови и зеленило (НО)**<br>**МЖ Инфраструктура (НО)**<br>**ЈП Комунална хигиена (НО)**<br>**ЈП Водовод и кан. Скопје (НО)**<br>**Јавно сообраќајно претпријатие (НО)**<br>**КЈП Водовод Кочани (НО)**<br>**ЈП Македонија пат (НО)**<br>**ЈП Улици и патишта (НО)**<br>**ЈП Комуналец Битола (НО)**<br>**ЈПКД Комуналец Струмица (НО)**<br>**ЈП Македонска радиодифузија (НО)**<br>**ЈП Водовод Битола (НО)**<br>**ЈП Исар Штип (НО)** | Закон за јавни претпријатија (чл. 26) | За вршење контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие, се формира надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) од пет члена.<br>Времетраењето на мандатот на членовите на надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години.<br>Членовите на надзорниот одбор од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува основачот.<br>За членови на надзорниот одбор можат да се именуваат лица со високо образование, кои поседуваат знаења и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење. |
| **МЖ Транспорт АД Скопје**<br>**АД ЕЛЕМ (НО)**<br>**ЈП Водовод Куманово (НО)**<br>**АД Државна лотарија** | од Закон за трговски друштва, член 383, точка 1, став 3 | Надлежност на собранието<br>.....<br>3) избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ... |
| **АД Државна лотарија (УО)** | Член 374 од Закон за трговски друштва | Управниот одбор има најмалку три, а најмногу 11 члена.<br>....<br>(3) Надзорниот одбор ги избира членовите на управниот одбор, односно управителот. Со одлуката за избор на членовите на управниот одбор, еден од членовите на управниот одбор се именува за претседател на управниот одбор.<br>(4) Надзорниот одбор може да го разреши претседателот на управниот одбор во кое било време и да именува нов претседател.<br>(5) Ниедно лице во исто време не може да биде член на управен одбор, односно управител и член на надзорен одбор.<br>.... |
| **ЈРП МРТ (ПС)** | Член 117 од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Овластени предлагачи на членови на Програмскиот совет на МРТ<br>1.Членовите на Програмскиот совет на МРТ ги именува и ги разрешува Собранието на Република<br>Македонија на предлог на следниве овластени предлагачи:<br>- Интеруниверзитетската конференција предлага кандидат за еден член,<br>- Националната установа Албански театар предлага кандидат за еден член,<br>- Националната установа Турски театар предлага кандидат за еден член,<br>- Мнозинското здружение на новинари предлага кандидати за два члена,<br>- Заедницата на единиците на локалната самоуправа предлага кандидати за три члена и<br>- Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија предлага кандидати за пет члена.<br>2. Кандидатите за членови на Програмскиот совет на МРТ треба да бидат државјани на Република<br>Македонија со високо образование и треба да се истакнати лица кои во јавниот живот се познати<br>по својата заложба за почитување на демократските вредности и |

| | | |
|---|---|---|
| | | начела, владеење на правото,<br>градење и подигнување на највисоките вредности на уставниот поредок во Република Македонија,<br>развојот на граѓанското општество, заштита на човековите права и слободи, како и слободата на<br>изразување.<br>3.Овластените предлагачи од ставот 1, алинеи 1, 2, 3 и 4 на овој член ги утврдуваат предлозите од своите редови по претходно објавен интерен конкурс.<br>4. При утврдувањето на предлозите, овластените предлагачи од ставот 1 на овој член, треба да ја имаат предвид одредбата од членот 116 став 4 од овој закон и треба да водат сметка за условите за именување согласно со членот 119 од овој закон. |
| **ЈРП МРТ (НО)** | член 124, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Надлежности на Програмскиот совет на МРТ<br>...<br>- ги избира и ги разрешува членовите на Надзорниот одбор на МРТ.<br>... |
| **ЈКП Комуналец Прилеп** | Член 26, став 1, точка 29 од статут на Општина Прилеп | Советот на Општината ги врши следниве работи:<br>...<br>29. Именува членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа.<br>... |
| **Дервен Велес** | став 45 од Статутот на Општина Велес | Советот на Општината донесува Статут, Деловник за работа на Советот, одлуки, планови и програми, решенија, заклучоци и други акти, дава мислење и утврдува насоки.<br>Статутот е основен акт на Општината со којшто се утврдуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на Општината и други прашања од значење за Општината.<br>Статутот на Општината се донесува во две фази, и тоа како Нацрт-статут и Предлог-статут.<br>Статутот на Општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на Општината. |
| **ЈП Водовод Куманово (УО и** | член 25 став 1 точка 26 | Чл. 25: Советот на Општината ги врши следните работи: |

| | | |
|---|---|---|
| **НО)** | и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово | ...<br>26. Именува членови во управните одбори и на одборите за контрола на материјално финансиското работење на јавните служби кои ги основа,<br><br>член 71: Советот и Градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти .<br>Советот донесува решенија за избор и именување и други решенија од своја надлежност.<br>Градоначалникот на Општината донесува решение . |
| **ЈП Комуналец Битола (УО и НО)**<br>**ЈП Водовод Битола (УО и НО)** | Член 70 Статут на Општина Битола | Советот на Општината донесува деловник на Советот, одлуки, планови и програми, решенија, заклучоци и други акти и дава мислење и утврдува насоки. |
| **ЈП Македонска радиодифузија (НО)** | Член 9 Закон за основање на ЈП Македонска радиодифузија | За вршење контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие се формира Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење од пет члена.<br>Мандатот на членовите на Надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години.<br>Членовите на Надзорниот одбор ги именува, односно ги разрешува Владата на Република Македонија.<br>За членови на Надзорниот одбор можат да се именуваат лица со високо образование кои поседуваат знаења и искуство од дејноста на финансиското и сметководственото работење.<br>Надзорниот одбор работите од својата надлежност ги врши во согласност со одредбите на Законот за јавните претпријатија, овој закон и Статутот на Јавното претпријатие |
| **ЈП Македонска радиодифузија (УО)** | Член 10 од Закон за основање на ЈП Македонска радиодифузија | Управниот одбор се состои од седум членови.<br>Во Управниот одбор Владата на Република Македонија именува четири членови од редот на афирмираните научни и стручни лица, а три члена се именуваат од редот на вработените, на предлог на Советот на вработените на Јавното претпријатие.<br>.... |
| **ЈП Исар Штип (УО и НО)** | Член 21, точка 22 од | Советот на Општината ги врши следните работи: |

| | | |
|---|---|---|
| | Статут на Општина Штип | ...<br>22. Именува членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа.<br>.... |